**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 08 - 380**
**13 . 12 .2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Изјавите од Ангел Данов, управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци (заверени на нотар) УЗП бр.3207/2023 од 20.07.2023 година и УЗП бр.4326/2023 од 04.10.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-4550/3 од 12.12.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 39-та седница одржана на 12.12.2023 година, донесе

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци, со Дозвола, наш Уп1 бр.08-19 од 05.01.2015 г., продолжена со Одлука, наш Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 г.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), на 32-та седница одржана на 09.10.2023 г., по претходно поднесено Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување (Уп1 бр.08-209 од 06.06.2023 г., дополнето на 26.07.2023 г. и на 07.09.2023 г.), од страна на правното лице Трговско радиодифузно друштво (ТРД) КТВ ДООЕЛ Кавадарци, согласно Заклучокот, арх.бр.02-3637/2 од 09.10.2023 г. донесе Одлука, Уп1 бр.08-209 од 10.10.2023 г., со која на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци му се додели дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на регионално ниво, зона на распределба D1 Црн Врв – подрачје на регионално ниво Велес (општините Велес, Чашка, Свети Николе, Лозово, Градско, Росоман, Неготино и дел од општината Кавадарци), на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

Во прилог на погорецитираното Барање за доделување на дозвола од 06.06.2023 г., со дополнување од 26.07.2023 г. и од 07.09.2023 г., беа доставени Изјави од Ангел Данов, дадени во својство на управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци (заверени на нотар) УЗП бр.3207/2023 од 20.07.2023 г. и УЗП бр.4326/2023 од 04.10.2023 г., во кои изјавува дека се согласува со доделувањето на дозволата за телевизиско емитување преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, да престане да важи постојната дозвола за

телевизиско емитување на регионално ниво, со подрачје за емитување Д1-Црн Врв/Велес преку дигитален терестријален мултиплекс, наш Уп1 бр.08-19 од 05.01.2015 г., продолжена со Одлука, наш Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 г.

Со оглед на дадените Изјави од Ангел Данов, управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци (заверени на нотар) УЗП бр.3207/2023 од 20.07.2023 г. и УЗП бр.4326/2023 од 04.10.2023 г., Дозволата на радиодифузерот за телевизиско емитување на регионално ниво, со подрачје за емитување Д1-Црн Врв/Велес преку дигитален терестријален мултиплекс, наш Уп1 бр.08-19 од 05.01.2015 г., продолжена со Одлука, наш Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 г., согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), престана да важи по сила на закон, со донесувањето на Одлуката, Уп1 бр.08-209 од 10.10.2023 г., од страна на Агенцијата, со која на правното лице ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци му се додели дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на регионално ниво.

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци од регистарот на радиодифузери, како имател на дозвола, Уп1 бр.08-19 од 05.01.2015 г., продолжена со Одлука, наш Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 г., за телевизиско емитување на програмски сервис преку дигитален терестријален мултиплекс, на регионално ниво, со подрачје за емитување Д1-Црн Врв/Велес.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Изјавите од Ангел Данов, управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци (заверени на нотар) УЗП бр.3207/2023 од 20.07.2023 г. и УЗП бр.4326/2023 од 04.10.2023 г. и Заклучокот арх.бр.02-4550/3 од 12.12.2023 г., се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци;
- Управителот на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.